**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-6892/1 од 21.11.2022 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Осумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **28.11.2022 година (понеделник) со почеток во 12 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2022/2023 година;
3. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на висина на надоместок за учество во работа на надворешни членови - стручни лица од областа на урбанистичко планирање, во комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за задолжување на членовите на Советот на Општина Гази Баба за мандатен период 2021 - 2025 година, со основни средства - таблет компјутери;
5. Предлог - Одлука за прием во сопственост на движна ствар - компјутерска опрема, врз основа на правно дело;
6. Предлог - Одлука за задолжување на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај за превземање на активности со цел регулирање на постапка за поставување на броила за електрична енергија на земјоделско земјиште, на подрачјето на Општина Гази Баба; и
7. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2022 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**